

# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**23-31 мај 2024 Билтен бр. 563**

# АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА КОЗЛЕ 3

**Во тек е асфалтирање на крак од улицата Козле 3 во урбаната заедница Нерези. Овој крак е во должина од 35 метри, а вакви краци, во изминатиот период се асфалтираа и на улиците Скупи 20 и Скупи 22 во Бардовци, во рамки на Проектот за асфалтирање и реконструкција на краци од улици.**



# САНАЦИЈА НА УДАРНИ ДУПКИ ВО КАРПОШ

**Во рамки на Програмата на Секторот за комунални работи, во делот на проект за брзи интервенции и тековни активности, во тек е пополнување на ударни отворени дупки, кои со нивното затворање се добива поголема безбедност пред се на пешаците а и учесниците во сообраќајот. Изведувач на градежните работи е фирмата Електро Коп, а во моментов се работи во Урбаните заедници Влае 1 и 2, Кузман Јосифовски-Питу и Пецо Божиновски-Кочо.**



# СООПШТЕНИЕ

**Соопштение Општина Карпош за разлика од другите надлежни институции иако има минимални надлежности води постапка против диво поставениот луна парк кај базенот Борис Трајковски. За жал, ова дивеење и беззаконие на сопственикот на луна паркот му го овозможуваат претставниците на надлежните владини институции. Истиот не поседува одобрение за работа ниту пак ги има потребните безбедносни сертификати со што не ги исполнува законските услови за да ја врши оваа дејност. Тоа значи дека безбедноста на граѓаните, а особено на младите лица е загрозена и можни се животозагрозувачки последици. Затоа општина Карпош апелира до сите граѓани, а особено до младите, да не го користат услугите на овој луна парк затоа што го доведуваат во опасност својот живот. Евентуалните последици заради непочитување на законските прописи и овој наш апел ќе ги сносат корисниците на услугите и неодговорниот сопственик на реквизитите. Со почит, Општина Карпош**

# ООУ “ДИМО ХАЏИ ДИМОВ„ СО НАЈДОБАР ЕКО-ДВОР

**Во трката за најдобро уреден еко училишен двор помеѓу девет основни училишта во Општина Карпош, ООУ „Димо Хаџи Димов” ја доби првата награда со освоени 446 бодови. Според Комисијата за најдобро уреден еко-училишен двор која брои шест членови, четворица од Советот на Општина Карпош и двајца административни службеници од Секторот за екологија, и бараните критериуми како основни за учество во овој натпревар, одлуката падна, второ рангирано училиште да биде ООУ „Којдан Чернодрински”, со 405 освоени бодови, додека третото место го освои ООУ „Вера Циривири-Трена”, со 403 бода.**

**За својот труд и осварувања, Општина Карпош го награди прворангираното училиште со еднократен финансиски надоместок од 70.000 денари, додека пак, второпласираното училиште доби награда во висина од 50.000 денари, а пак третопласираното училиште доби финансиски средства од 30.000 денари. За своето учество останатите основни училишта добија пофалници.**

**Инаку, станува збор за реализирање на дел од Програмата за активностите во областа на образованието за 2024 година, за која локалната самоуправа распиша Јавен оглас за сите основни училишта на своја територија, притоа наведувајќи ги општите услови за учество, како и критериумите за доделување награди за најдобро уреден еко-училишен двор.**

**Уредувањето на училишните дворови во чии рамки се вклопија и еколошките содржини, требаше да поттикне креативност кај основците, родителите и наставниците, што од друга страна кај нив овозможи зголемување на еколошката свест и грижа за животната средина. Во текот на еколошките активности беа користени и рециклирани материјали, а на тој начин учесниците добија поголем мотив за одржување и грижа на училишните дворови.**



# ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ"

**Во весела и разиграна атмосфера, денеска во дворот на ООУ ,,Аврам Писевски", се одбележаа 38 години од самостојното постоење на училиштето. Под мотото ,,Под едно сонце растеме, учиме, твориме", детскиот хор ја отвори оваа манифестација со изведба на училишната химна. Веднаш потоа, талентирани ученици изведоа музички точки, драмски изведби, а денешната манифестација дополнително ја збогатија младите бардовчани со извонреден музички перформанс.**

**На празничниот настан присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој со задоволство ја следеше приредбата и кој рече дека во ова училиште одамна се преземени голем број на градежни активности.**

**– Општината во ова училиште инвестирала финансиски средства, па така во 2012 година беше реконструиран покривот, се поставуваше нова фасада, како и промена на прозорци, реконструкција на тоалети и сите училници и подови. По 12 години го варосувавме училиштето со антибактериски бои. Во спортската сала е заменето осветлувањето, а променети се и старите прозорци со нови ПВЦ прозорци. Континуирано работиме и вложуваме во ова место –рече првиот човек на Општината кој апелираше пред се до ромската популација , да ги запишуваат децата во прво одделение, бидејќи во ова училиште се бележи мал процент кои се ученици.**



## СООПШТЕНИЕ

**Ги известуваме сите граѓани од општина Карпош дека уписот во прво одделение за учебната 2024/2025 година завршува денес (31 мај 2024 година). Ги повикуваме сите граѓани кои имаат првачиња да го искористат денешниот ден за тестирање и упис на децата, за раководствата на училиштата да можат да направат правилна распределба по одделенија и соодветна употреба на просторот во училиштето, а се со цел на 1 септември да имаме успешен старт на новата учебна година.**

**Овој апел посебно се однесува за граѓаните од ромска националност, од населеното место Злокуќани кои и покрај пет посети од раководството на ОУ Аврам Писевски на нивните домови до денес немаат запишано ниту едно дете.**

**Посебно сакаме да ги информираме граѓаните од други општини кои се обидуваат со разни фиктивни договори и прават обиди да ја изиграат одлуката на советот за реонизација на училиштата како и непримање на ученици од други општини на територија на Карпош дека ќе бидат оневозможени во својата намера.**

**Со почит,**

# ООУ„ДИМО ХАЏИ ДИМОВ" ПРВОНАГРАДЕНИ НА ХОРСКИОТ НАТПРЕВАР ВО КАРПОШ

**во Кинотеката на РСМ, се одржа петтиот по ред натпревар по хорско пеење помеѓу основните училишта во Општина Карпош. Општинското основно училиште ,,Димо Хаџи Димов", под менторство на Невена Маркоска, а во изведба со песната ,,Canon des Scatas", го освоија првото место на овогодинешниот хорски натпревар, додека второнаградени беа хористите од ООУ ,,Јан Амос Коменски", предводени од наставникот по музичко Марија Златановска, со песната ,, Давај ме, мила мамо, давај ме''.**

**Локалната самоуправа ги награди првопласираните со парична награда од 40.000 денари и дипломи, додека пак второпласираните добија дипломи и награда од 20.000 денари. Имено, оваа активност е дел од Програмата за образование за 2024 година при Секторот за дејности од јавен интерес од Општина Карпош, а градоначалникот Стевчо Јакимовски ги додели наградите.**

**На натпреварот учествуваа девет основни училишта, со над 300 ученици хористи, кои се претставија со своите хорски интерпретации на световна музика, акапела и со инструментална придружба.**

**Со свои ревијални настапи се претставија и учениците од три основни училишта, Нела Манческа од ООУ "Вера Циривири Трена, која ја отпеа песната "Part of your world,, , Мила Николовска од ООУ "Аврам Писевски,, , која настапи со песната "Готово е,, и Ана Манчева од ООУ "Јан Амос Комеснки,, кој со својот талент на пијано и изведба на ,,Ромео и Јулиа", ги воодушеви присутните.**

